Трипков
Иван

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиска полиција
Број 04 – 1688/2
18.12.2024 година
Скопје

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, имателот на информации-Управа за финансиска полиција го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 04-1688/1 од 26.11.2024 година, поднесено од страна на барателот на информации [redacted], ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА.

## Образложение

Барателот [redacted] до Управата за финансиска полиција по електронски пат поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 04-1688/1 од 26.11.2024 година, со кое барање побара пристап до информации и тоа: "Дали е формиран специјализиран оддел надлежен да постапува во предметите согласно Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка? Доколку е формиран, колку вкупно предмети има во работа? Вкупен број на спроведени истраги по кривични дела за цела 2022 и 2023 година, како и за 2024, заклучно со Октомври месец и За истиот временски период, вкупен број на спроведени финансиски истраги кои претходеле на кривичната постапка, вкупен број на финансиски истраги кои биле спроведени во рамки на кривичната постапка со цел следење на текот на парите и нелегалната имотна корист.".

Постапувајќи по предметното барање, по однос на делот на барањето кое се однесува на дали е формиран специјализиран оддел надлежен да постапува во предметите согласно Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка и доколку е формиран, колку вкупно предмети има во работа, Ве известуваме дека формиран е специјализиран оддел и оформени

се два предмети и по истите се постапува согласно Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка.

По однос на делот кое се однесува на Вкупен број на спроведени истраги по кривични дела за цела 2022 и 2023 година, како и за 2024, заклучно со Октомври месец, како и прашањето за истиот временски период, вкупен број на спроведени финансиски истраги кои претходеле на кривичната постапка, како и вкупен број на финансиски истраги кои биле спроведени во рамки на кривичната постапка со цел следење на текот на парите и нелегалната имотна корист се изврши увид во податоците кои се предмет на истото, при што се оцени дека барањето не може да биде уважено, од причина што Управата за финансиска полиција согласно со Законот за финансиската полиција нема законска обврска да води евиденција на податоци во форма како што се бараат од страна на подносителот.

Имено, Управата за финансиска полиција податоците со кои располага, а кои се однесуваат на поднесени кривични пријави за секоја година, по видови на кривични дела и вредност на причинетата штета редовно ги објавува на својата веб страна и тоа на следниот линк: https://finpol.gov.mk/mk/statistichki-podatoci.

Предметните податоци се објавуваат согласно со членот 75 став 2 од Законот за финансиската полиција и истите се достапни за јавноста во секој момент.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

в.д.Директор
Слободан Ивановски

ДОСТАВЕНО ДО:
[redacted]